| | | Стр. |
|---|---|---|
| 493. | **Правилник** за постапката за обработка на барањата и подеталната документација и податоците за досието на активната супстанција.......................... | 8 |
| 494. | **Годишна наредба** за здравствена заштита на животните за 2010 година.... | 83 |
| 495. | **Правилник** за дополнување на Правилникот за начинот и постапката за финансирање, создавање и усовршување на научно-истражувачки кадри... | 94 |
| 496. | **Решение** за впишување на Здружението на граѓани во Регистарот на здруженија на граѓани од областа на социјалната заштита.................................... | 94 |
| 497. | **Решение** од Комисијата за хартии од вредност................................................ | 95 |
| 498. | **Одлука** на Уставниот суд на Република Македонија, У.бр. 68/2009 од 10 февруари 2010 година.......................... | 95 |
| 499. | **Колективен договор** за изменување на Колективниот договор за основното образование во Република Македонија........................................................ | 97 |
| 500. | **Колективен договор** за изменување на Колективниот договор за средното образование во Република Македонија | 97 |
| 501. | **Правилник** за здравствени услови за работа со извори на јонизирачко зрачење, како и за мерките, содржината и начинот на вршење на здравствени прегледи на лица кои работат со извори на јонизирачко зрачење.................. | 98 |
| | **Огласен дел**........................................... | 1-40 |


## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**479.**

Врз основа на член 199 од Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/05 и 4/08), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23.02.2010 година, донесе

### УРЕДБА
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ И НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОСЛОБОДУВАЊЕТО ОД ПЛАЌАЊЕ НА УВОЗНИ ДАВАЧКИ, КАКО И ВРЕДНОСТА, КОЛИЧИНАТА И ВИДОТ ИЛИ НАМЕНАТА НА СТОКАТА КОЈА МОЖЕ ДА СЕ ОСЛОБОДИ ОД ПЛАЌАЊЕ НА УВОЗНИ ДАВАЧКИ

Член 1

Во Уредбата за поблиските критериуми и начинот на спроведување на ослободувањето од плаќање на увозни давачки, како и вредноста, количината и видот или намената на стоката која може да се ослободи од плаќање на увозни давачки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 117/05, 88/07 и 64/08), во член 7, во ставот 1 зборовите: „175 ЕВРА“ се заменуваат со зборовите: „350 ЕВРА“.

Член 2

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 51-1108/1
23 февруари 2010 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

**480.**

Врз основа на член 11 точка 7 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07 и 83/09), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 11.02.2010 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНАТА ИНВЕСТИЦИОНА ПРОГРАМА ЗА 2010 ГОДИНА НА ЈПВ ЛИСИЧЕ – ВЕЛЕС

1. Со оваа одлука се дава согласност на Годишната инвестициона програма за 2010 година на ЈПВ Лисиче – Велес, бр. 02-26/02 од 14.01.2010 година, усвоена од Управниот одбор на ова јавно претпријатие, на седницата одржана на 14.01.2010 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 51-389/1
11 февруари 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

**481.**

Врз основа на член 52, став 2 алинеја 6 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/05 и 150/07) Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 11.02.2010 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ДАВАЊЕ ВО ЗАКУП ОД НЕДВИЖНА СТВАР СО НЕПОСРЕДНА СПОГОДБА НА АМБАСАДАТА НА РЕПУБЛИКА КИНА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ

Член 1

Со оваа одлука дел од недвижна ствар со вкупна површина од 50 м2, и тоа една просторија која се наоѓа во високото приземје на објектот од лева страна од главниот влез, евидентирана во имотен лист бр.9116, на Катастарска парцела 8890, Катастарска општина Центар 1, со адреса ул.„Гоце Делчев” бр.6 – Скопје, сосопс-